**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр. 11-239**
**15.05.2014 година**
**С к о п ј е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 6, став 1, алинеја 13, член 23 став 1 алинеја 1 и член 152 ставови 4 и 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14 и бр. 44/2014) и Извештајот бр. 11-2770/1 од 13.05.2014 година, а во согласност со Заклучокот бр. 02-2740/4 од 14.05.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги односно поради реемитување на програмски сервиси со титл на српски јазик, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, на 30-та седница, одржана на 14.05.2014 година, донесе:

**Решение**
**за преземање на мерка**

1. **СЕ ОПОМЕНУВА** ТРД Оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, Радиодифузно трговско друштво АС-САТ ДОО увоз-извоз Гостивар, заради извршена повреда на член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14 и бр. 44/2014), во рамките на реемитуваните програмски сервиси во аналогниот пакет.

2. Повредата од точка 1 на ова решение, е сторена на ден 08.05.2014 година, во 09,30 часот, кога, во постапка на вонреден програмски надзор, направен согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, врз реемитуваните програмски сервиси во аналогниот пакет, е констатирано дека Радиодифузното трговско друштво АС-САТ ДОО увоз-извоз Гостивар, со седиште во Гостивар, спротивно на член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, го реемитува странскиот програмски сервис Animal Planet, чиј оригинален јазик е англискиот,со титл на српски јазик.

3. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Радиодифузното трговско друштво АС-САТ ДОО увоз-извоз Гостивар веднаш по приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14 и бр. 44/2014), односно програмскиот сервис што го реемитува, кој се титлува на јазик различен од јазикот на кој е произведен, да биде титлуван на македонски јазик или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните во Република Македонија.

4. По истекот на рокот определен во точка 3 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали Радиодифузното трговско друштво АС-САТ ДОО увоз-извоз Гостивар, постапило по решението и го усогласило своето работење со член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14 и бр. 44/2014).

5. Ова решение е конечно.
Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14 и бр. 44/2014), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 6, став 1, алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14 и бр. 44/2014), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 08.05.2014 година, согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, изврши вонреден програмски надзор на програмски сервиси реемитувани во аналогниот програмски пакет на операторот АС-САТ ДОО увоз-извоз Гостивар, при што констатираше дека е направена повреда на член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, на начин што Радиодифузното трговско друштво АС-САТ ДОО увоз-извоз Гостивар, реемитувало програмски сервис со титл на српски јазик.

Повредата е сторена на ден 08.05.2014 година, во 09,30 часот, кога, во постапка на вонреден програмски надзор, направен согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, е констатирано дека Радиодифузното трговско друштво АС-САТ ДОО увоз-извоз Гостивар, го реемитува странскиот програмски сервис Animal Planet, чиј оригинален јазик е англискиот,со титл на српски јазик.

Следствено на тоа, а врз основа на член 23 став 1 алинеја 1 и член 152 ставови 4 и 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги и Извештајот бр. 11-2770/1 од 13.05.2014 година, а во согласност со Заклучокот бр. 02-2740/4 од 14.05.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, наведени во точка 1 и 2 на ова решение, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 30-та седница одржана на ден 14.05.2014 година, донесе Решение со кое на споменатиот оператор МУ СЕ НАЛОЖУВА веднаш по приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14 и бр. 44/2014). Исто така, по истекот на рокот определен во точка 3 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали Радиодифузното трговско друштво АС-САТ ДОО увоз-извоз Гостивар, постапило по решението и го усогласило своето работење со член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14 и бр. 44/2014).

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Радиодифузното трговско друштво АС-САТ ДОО увоз-извоз Гостивар;
- Управителот на Радиодифузното трговско друштво АС-САТ ДОО увоз-извоз Гостивар;
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.